# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Сабота, 8 февруари 1986
Скопје
Број 3 Год. XLII

Претплатата за 1986 година изнесува 3.800 динари. Овој број чини 50 дин Жиро сметка 40100-603 ...


**27.**

Врз основа на член 443 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 7 февруари 1986 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА АМАНДМАНИТЕ X ДО XXIII НА УСТАВОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласуваат Амандманите X до XXIII на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, што Собранието на Социјалистичка Република Македонија ги усвои на заедничката седница на сите собори, одржана на 7 февруари 1986 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-398/1
7 февруари 1986 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл. инж. **Станко Младеновски,** с. р.

### АМАНДМАНИ X ДО XXIII НА УСТАВОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Овие амандмани се составен дел на Уставот на Социјалистичка Република Македонија и влегуваат во сила со денот на прогласувањето.

АМАНДМАН X

1. Работните луѓе во основните самоуправни организации и заедници можат да одлучат функцијата на делегација за собранијата на самоуправните интересни заедници, освен за оние кои врз основа на Уставот односно статутот на општината учествуваат во одлучувањето на собранијата на општествено-политичките заедници, да ја врши работничкиот совет односно друг по положба и функција нему соодветен орган на управувањето. Работничкиот совет односно другиот по положба и функција нему соодветен орган на управувањето ги делегира делегатите од редот на своите членови.

2. Со овој амандман се дополнува член 129 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

АМАНДМАН XI

1. Една или повеќе делегации на основните самоуправни организации и заедници, поврзани со трудот и со други заеднички интереси или со интересите во општествено-политичката заедница односно делегатите на тие организации и заедници во собранието на општината, делегираат од составот на делегациите делегати во соодветниот собор на собранието на општествено-политичката заедница, на начин утврден со Уставот односно со статут и со закон.

2. Со овој амандман се заменува одредбата на став 1 на член 153 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

АМАНДМАН XII

1. Заради утврдување на заеднички основни ставови за работата на делегатите и остварување на другите задачи на делегациите, како и заради соработка со собранијата на општествено-политичките заедници, основните самоуправни организации и заедници образуваат конференции на делегациите за одделна област на здружениот труд односно за делегатска единица. Со самоуправна спогодба се утврдуваат условите и начинот на работа на конференциите на делегациите.

2. Со овој амандман се дополнува член 156 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

АМАНДМАН XIII

1. Делегатите во Соборот на здружениот труд се делегираат од делегациите на основните самоуправни организации и заедници поврзани со трудот и со други заеднички интереси, од составот на делегациите, со тајно гласање.

Бројот на делегатите во Соборот на здружениот труд се определува сразмерно со бројот на работните луѓе во одделните области на здружениот труд, водејќи сметка за обезбедување на соодветна застапеност на работните луѓе од сите области на општествениот труд и за застапеност на работните луѓе од секоја општина.

2. Делегатите во Соборот на здружениот труд се делегираат како постојани делегати за време од четири години, а може да се делегираат и како повремени делегати за одделна седница на Соборот или за определен временски период, на начин утврден со закон и со самоуправен општ акт.

3. Со овој амандман се заменуваат ставовите 2 и 3 на член 321 и член 322 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

АМАНДМАН XIV

1. Соборот на здружениот труд самостојно:

— претресува прашања од интерес за работните луѓе и за организациите на здружениот труд и прашања од областа на: стопанството и финансиите што не се во рамноправен делокруг со друг собор; распределбата на доходот и личните доходи; меѓусебните односи на работниците во здружениот труд и заштитата при работата, донесува закони и други акти во тие области и дава автентични толкувања на законите што ги донесува;

— основа работни организации и други организации чија дејност е од општ интерес за Републиката;

— презема привремени мерки на општествена заштита на самоуправните права и на општествената сопственост спрема организациите на здружениот труд и други организации чија дејност е од општ интерес за Републиката, како и спрема самоуправните интересни заедници и други самоуправни организации и заедници, определени со закон;

— ги донесува односно ги одобрува финансиските планови и завршните сметки на републичките фондови, кога е тоа определено со закон;

— дава согласност на одредбите на самоуправните спогодби за здружување, на статутите или на другите општи акти на организациите на здружениот

труд што вршат дејност од посебен општествен интерес кога тие одредби се од значење за остварувањето на посебниот општествен интерес во вршењето на таа дејност и ги потврдува самоуправните спогодби за основање односно статутите на самоуправните интересни заедници, кога е тоа определено со закон;

— именува и разрешува претставници на Републиката во организации на здружениот труд и во други самоуправни организации и заедници, како и во органи и тела, кога е тоа определено со закон или со друг акт на Собранието;

— претресува и одлучува по други прашања од надлежноста на Собранието што не се во рамноправен делокруг со другите собори или со собранијата на самоуправните интересни заедници односно што не се во самостоен или рамноправен делокруг на другите собори.

2. Со овој амандман се заменува член 332 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

## АМАНДМАН XV

1. Соборот на здружениот труд, Општествено-политичкиот собор и Соборот на општините рамноправно:

— ги донесуваат републичкиот општествен план, републичкиот буџет и завршната сметка за извршување на буџетот;

— претресуваат прашања, донесуваат закони и други акти и даваат автентични толкувања на законите од областа на: народната одбрана и општествената самозаштита; надворешната политика; менувањето на границите на Републиката; системот на општественото планирање; системот на финансирањето на општините и на Републиката; побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта; регионалниот развој на Републиката; празниците, одликувањата и признанијата на Социјалистичка Република Македонија; референдумот; основите на изборниот систем во организациите на здружениот труд и во другите самоуправни организации и заедници и изборот и отповикувањето на членови на делегациите на основните самоуправни организации и заедници и на делегатите во собранијата на општествено-политичките заедници;

— вршат општествен надзор;

— донесуваат одлука за организацијата и делокругот на стручните служби на Собранието.

2. Со овој амандман се заменува член 333 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

## АМАНДМАН XVI

1. Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор рамноправно:

— претресуваат прашања, донесуваат закони и други акти и даваат автентични толкувања на законите од областа на: системот на социјалистичките самоуправни општествени односи; слободите, правата и должностите на човекот и граѓанинот; заштитата на поредокот утврден со уставот и јавната безбедност; правосудството; привремените мерки на општествена заштита на самоуправните права и општествената сопственост спрема организациите на здружениот труд, самоуправните интересни заедници и други самоуправни организации и заедници; сопственосно-правните и другите имотно-правни односи; наследувањето; експропријацијата и боречката заштита;

— ги остваруваат правата на Собранието во поглед на одговорноста на Извршниот совет и на функционерите што ги избира или именува Собранието и ги укинуваат или поништуваат прописите и другите акти на Извршниот совет што не се во согласност со Уставот, со закон или со друг пропис на Собранието;

— основаат републички органи на управата и републички организации;

— одлучуваат за надоместоците на функционерите што ги избира односно именува Собранието.

2. Со овој амандман се заменува член 334 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и се врши измена на член 336 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

## АМАНДМАН XVII

1. Соборот на здружениот труд и Соборот на општините рамноправно:

— претресуваат прашања, донесуваат закони и други акти и даваат автентични толкувања на законите од областа на: просторното и урбанистичко планирање; уредувањето и користењето на земјиштето и добрата во општа употреба; работењето и управувањето на комуналните организации на здружениот труд; станбената изградба, нејзиното финансирање и управувањето со станбените згради и становите во општествена сопственост; заштитата на природата и човековата околина; безбедноста на патниот, железничкиот и езерскиот сообраќај; заштитата од пожари и од елементарни непогоди и игрите на среќа;

— одлучуваат за распишување на јавни заеми.

2. Со овој амандман се заменува член 335 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

## АМАНДМАН XVIII

1. Соборот на општините самостојно:

— претресува прашања, донесува закони и други акти и дава автентични толкувања на законите од областа на: урбанистичкото уредување на населбите; уредувањето и употребата на градежното земјиште; постапката за образување месни заедници; мировните совети; матичните книги; личните имиња и личните карти; прогласувањето на исчезнати лица за умрени и докажувањето на смртта и заверката на потписи, ракописи и преписи;

— претресува одделни прашања од областа на самоуправувањето во општината и месната заедница и на меѓуопштинската соработка и други прашања што работните луѓе и граѓаните самостојно ги уредуваат во општината и во месната заедница.

2. Со овој амандман се дополнува Вториот дел, Глава X, точка 3 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и се врши измена на член 336 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

## АМАНДМАН XIX

1. Претседателите на собранијата на општествено-политичките заедници се избираат за време од две години и може врз основа на образложен предлог да бидат избрани на истата функција уште еднаш во текот на траењето на мандатниот период на собранието.

Никој не може да биде избран за претседател на собрание на иста општествено-политичка заедница во два мандатни периоди на собранието едноподруго.

2. Со овој амандман се заменува одредбата на став 4 на точка 1 од Амандман II на Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

## АМАНДМАН XX

1. Претседателот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се избира за време од две години и може врз основа на образложен предлог да биде избран на истата функција уште еднаш во текот на траењето на мандатниот период на Собранието.

Никој не може да биде избран за претседател на Собранието во два мандатни периоди на Собранието едноподруго.

2. Со овој амандман се заменува одредбата на точка 1 од Амандман III на Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

АМАНДМАН XXI

1. Претседателството на Социјалистичка Република Македонија избира претседател на Претседателството од редот на избраните членови за време од една година и може да го избере на истата функција уште еднаш едноподруго во текот на траењето на мандатниот период на Претседателството.

Никој не може да биде избран за претседател на Претседателството на Социјалистичка Република Македонија во два мандатни периоди на Претседателството едноподруго.

2. Со овој амандман се заменуваат одредбите на ставовите 4 и 5 на точка 1 од Амандман IV на Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

АМАНДМАН XXII

1. Извршниот совет донесува уредби, одлуки и други прописи за извршување на законите и другите прописи и општи акти на Собранието и на сојузните закони и другите сојузни прописи и општи акти за чие извршување се одговорни органите во Републиката.

2. Со овој амандман се заменува одредбата на точка 4 на член 393 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

АМАНДМАН XXIII

За спроведување на амандманите X до XXII и за обезбедување премин кон нивната примена ќе се донесе уставен закон.

Предлогот на уставниот закон го утврдува Општествено-политичкиот собор на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Уставниот закон го донесува и го прогласува Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори и влегува во сила со денот на прогласувањето на амандманите X до XXIII на Уставот на Социјалистичка Република Македонија.

**28.**

Врз основа на став 3 од Амандманот XXIII на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничката седница на сите собори, одржана на 7 февруари 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА УСТАВНИОТ ЗАКОН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АМАНДМАНИТЕ X ДО XXII НА УСТАВОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Уставниот закон за спроведување на Амандманите X до XXII на Уставот на Социјалистичка Република Македонија,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го усвои на заедничката седница на сите собори, одржана на 7 февруари 1986 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-397/1
7 февруари 1986 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл. инж. **Станко Младеновски,** с. р.

## УСТАВЕН ЗАКОН
### ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АМАНДМАНИТЕ X ДО XXII НА УСТАВОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Амандманите X до XXII на Уставот на Социјалистичка Република Македонија (Амандмани) се применуваат од денот кога ќе ги прогласи Собранието на СРМ, ако примената на одделни амандмани или на нивни одредби не е поинаку уредена со овој закон.

Член 2

Одредбите на амандманите XIV до XVIII што се однесуваат на делокругот на соборите на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се применуваат од денот на првите седници на соборите на новоизбраното Собрание во 1986 година.

Член 3

Законите, другите прописи и општите акти, како и самоуправните општи акти што не се во согласност со Амандманите, ќе се усогласат со нив најдоцна во рок од една година од денот на прогласувањето на Амандманите.

Член 4

Овој закон влегува во сила кога, истовремено со Амандманите, ќе го прогласи Собранието на Социјалистичка Република Македонија на заедничка седница на сите собори.

**29.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА ДЕЛЕГАЦИИТЕ И НА ДЕЛЕГАТИТЕ ВО СОБРАНИЈАТА НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за избор на членови на делегациите и на делегатите во собранијата на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересни заедници

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 7 февруари 1986 година.

Бр. 08-426
7 февруари 1986 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Ванчо Апостолски,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл. инж. **Станко Младеновски,** с. р.

## ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА ДЕЛЕГАЦИИТЕ И НА ДЕЛЕГАТИТЕ ВО СОБРАНИЈАТА НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

Член 1

Во Законот за избор на членови на делегациите и на делегатите во собранијата на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ" број 41/81), членот 9 се менува и гласи:

„Работниците во основните самоуправни организации и заедници можат да одлучат функцијата на делегација за учество во вршењето на функциите на собранијата на самоуправните интересни заедници, освен за оние кои врз основа на Уставот, односно статутот на општината учествуваат во одлучувањето на собранието на општината односно Собранието на Социјалистичка Република Македонија, да ја врши работничкиот совет односно другиот по положба и функција нему соодветен орган на управување на тие организации и заедници, утврден со статутот на основната самоуправна организација односно заедница“.

Член 2

Во член 11 став 2 по зборот „седница“ запирката и зборовите „за определени прашања“ се бришат.

По став 4 се додаваат два нови става кои гласат:

„За делегирање на повремени делегати во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ одлучува конференцијата на делегациите образувана за соодветната област на здружениот труд, односно за одделна делегатска единица.

Со самоуправната спогодба за образување на конференцијата на делегациите се уредува и начинот на делегирање на повремени делегати во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, а кога конференцијата на делегациите е образувана за одделна област на здружениот труд и кои делегатски единици делегираат повремени делегати“.

Член 3

Во член 17 став 1 во деветтиот ред зборовите „заменикот или помошникот на работоводниот орган, раководителите на посебните сектори или други работници со посебни овластувања и одговорности кои“ се заменуваат со зборовите „заменикот на работоводниот орган и работниците со посебни овластувања и одговорности кои самостојно вршат раководни функции и“.

Член 4

Во член 26 став 2 зборовите „Соборот на здружениот труд“ се бришат.

По став 2 се додаваат два нови става кои гласат:

„Кандидатите за постојани делегати во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ ги утврдува кандидациона конференција на делегациите на основните самоуправни организации и заедници за соодветната област на здружениот труд, односно за одделна делегатска единица.

Кандидационите конференции од ставот 3 на овој член ги сочинуваат определен број членови од делегациите на основните самоуправни организации и заедници од делегатските единици во соодветната област на здружениот труд, односно определен број членови од делегациите на основните самоуправни организации и заедници од делегатската единица, сразмерно на бројот на делегациите и бројот на работните луѓе што работат во основните самоуправни организации и заедници чиишто делегации ги сочинуваат делегатските единици и соодветниот одбор на Сојузот на синдикатите на Македонија“.

Член 5

Во член 30 пред ставот 1 се додава нов став кој гласи:

„Делегатската единица се формира за една или повеќе делегации на основните самоуправни организации и заедници поврзани со трудот и со други заеднички интереси или со интересите во општествено-политичките заедници“.

Во став 1 кој станува став 2, зборовите „со учество во општествениот производ“ се бришат.

Ставовите 2 и 3 стануваат ставови 3 и 4.

Член 6

Во член 43 по зборовите „општински изборни комисии“ се додаваат зборовите „изборни комисии за соодветните области на здружениот труд за избор на делегати во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ“.

Член 7

Во член 45 во точките 3 и 8 зборовите „во Соборот на здружениот труд и“ се бришат.

Член 8

По член 45 се додава нов член кој гласи:

„Член 45-а

Изборната комисија за соодветната област на здружениот труд за избор на делегати во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, ги врши следниве работи:

1) се грижи за законито спроведување на изборите и на гласањето за отповикување на делегатите;

2) ја огласува листата на кандидатите за избор на делегати;

3) ги утврдува и прогласува резултатите од гласањето за избор на делегати;

4) ги утврдува резултатите од гласањето за отповикување на делегати;

5) поднесува извештај за резултатите од изборите, односно од гласањето за отповикување до Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ;

6) се грижи за правилна работа на претседателствата на делегациите и врши надзор над нивната работа;

7) врши технички подготовки во врска со изборот на делегатите и со гласањето за отповикување, и

8) врши други работи според одредбите на овој закон“.

Член 9

Во член 52 став 4 по зборовите „собранието на општината“ се става запирка и се додаваат зборовите „во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ“.

Во став 6 зборовите „Соборот на здружениот труд и во“ се бришат.

Член 10

Во член 90 став 2 зборовите „или за определени прашања“ се бришат.

Член 11

Во член 110 став 1 зборовите „за определени прашања“ се бришат.

Член 12

Членот 148 се менува и гласи:

„Делегатите во Соборот на здружениот труд ги делегираат делегациите на основните самоуправни организации и заедници, поврзани со трудот и со другите заеднички интереси од составот на делегациите“.

Член 13

Членот 149 се менува и гласи:

„Во Соборот на здружениот труд бројот на делегатите што ги делегираат делегациите на основните самоуправни организации и заедници се определува сразмерно со бројот на работните луѓе во одделните области на здружениот труд, водејќи сметка за обезбедување на соодветна застапеност на работните луѓе од сите области на општествениот труд, како и за застапеност на работните луѓе од секоја општина со најмалку по еден делегат.

Со закон се определува бројот на делегатите што се делегираат од одделните области на здружениот труд и се утврдуваат делегатските единици за избор на делегати во Соборот“.

Член 14

Членот 150 се менува и гласи:

„Собирот на делегацијата за предлагање на кандидати за постојани делегати во Соборот на здружениот труд го свикува претседателот на работничкиот совет, односно на соодветниот орган на управување, во договор со организацијата на синдикатот, односно со организацијата на Социјалистичкиот сојуз.

За предлагање на кандидати за делегати во Соборот на здружениот труд може да се одржи заеднички собир на две или повеќе делегации, односно

на сите делегации од соодветната област на здружениот труд што избираат заеднички делегат во Соборот.

Ако се одржува заеднички собир од став 2 на овој член, собирот го свикува претседателот на работничкиот совет, односно на соодветниот орган на управување на основната самоуправна организација односно заедница во која се одржува собирот.

За прифатен кандидат се смета секој од предложените кандидати за кого гласало мнозинството од присутните членови на собирот на делегацијата односно на делегациите".

Член 15

Членот 151 се менува и гласи:

„Врз основа на резултатите од гласањето по предлозите на кандидатите што ги поднеле делегациите, кандидационата конференција на делегациите за соодветната област на здружениот труд односно за одделна делегатска единица утврдува листа на кандидати за избор на постојани делегати на Соборот на здружениот труд која мора да содржи најмалку онолку кандидати колку што се избираат делегати од соодветната област на здружениот труд односно од одделната делегатска единица.

Листата на кандидатите содржи:

1. Означување дека листата на кандидатите се поднесува за избор на делегати во Соборот на здружениот труд, делегатските единици и денот на изборите;

2. Означување дека листата на кандидатите е утврдена од кандидационата конференција и

3. Име и презиме, занимање и место на живеење на секој кандидат од листата и година на раѓање, со означување на делегацијата на основната самоуправна организација, односно заедница чиј е член.

Кандидатите се внесуваат во листата според бројот на гласовите што ги добил секој кандидат, а кандидатите што добиле еднаков број гласови се наведуваат по азбучен ред.

Листата на кандидатите се поднесува до изборната комисија образувана за соодветната област на здружениот труд заради огласување, најдоцна 10 дена пред денот определен за изборите. Кон листата се поднесува и записникот за работата на кандидационата конференција".

Член 16

Членот 152 се менува и гласи:

„Собирот на делегацијата за избор на постојани делегати во Соборот на здружениот труд во основната самоуправна организација и заедница го свикува претседателот на работничкиот совет односно на соодветниот орган на управување, во договор со организацијата на Синдикатот односно со организацијата на Социјалистичкиот сојуз, најдоцна 10 дена пред денот определен за избор на делегатите.

Ако собирот на делегацијата не се свика во рокот од став 1 на овој член, собирот ќе го свика изборната комисија образувана за соодветната област на здружениот труд".

Член 17

Членот 153 се менува и гласи:

„Гласањето за избор на делегат во Соборот на здружениот труд се врши на одделни собири на секоја делегација на основните самоуправни организации и заедници од соодветната област на здружениот труд што ја сочинуваат делегатската единица.

Членот на делегацијата може да гласа само за онолку кандидати колку што се избираат делегати од соодветната делегатска единица и само за кандидатите чии имиња се наведени во гласачкото ливче".

Член 18

Членот 154 се менува и гласи:

„По завршувањето на гласањето претседателството на делегацијата, врз основа на гласачките ливчиња, утврдува колку членови на делегацијата гласале, колку гласови добил секој кандидат, како и колку неважечки ливчиња имало.

По утврдувањето на резултатите од гласањето, претседателството на делегацијата веднаш ги доставува до изборната комисија за соодветната област на здружениот труд, записникот и другите изборни акти од собирот на делегацијата".

Член 19

Членот 155 се менува и гласи:

„Ако на гласачкото ливче се заокружени редните броеви на помал број кандидати отколку што се избираат делегати од соодветната делегатска единица, се смета дека избирачот гласал само за кандидатите пред чии имиња се заокружени редните броеви.

Кога повеќе делегации избираат заеднички делегат резултатот од гласањето го утврдува изборната комисија за соодветната област на здружениот труд, врз основа на изборните акти што ќе и ги достават претседателствата на делегациите.

Резултатот од гласањето се објавува на огласната табла во просторијата во која се гласа".

Член 20

Членот 156 се менува и гласи:

„За работата на собирот на делегацијата се води записник кој содржи: назив на Соборот на здружениот труд, денот и местото на одржувањето на собирот, областа на општественио труд и делегатската единица, имињата на утврдените кандидати, бројот на делегатите што се избираат во делегатската единица, вкупниот број на членовите на делегацијата, бројот на присутните членови на делегацијата, бројот на членовите на делегацијата што гласале, бројот на неважечките гласачки ливчиња, бројот на гласовите што ги добил секој кандидат и имињата на избраните кандидати, како и други околности од значење за гласањето.

Записникот го потпишуваат членовите на претседателството на делегацијата".

Член 21

По член 156 се додаваат четири нови членови кои гласат:

„Член 156-а

Ако изборната комисија за соодветната област на здружениот труд утврди неправилности во спроведувањето на изборите во одделни или во сите делегации што битно влијаеле врз резултатите на изборите, ќе го поништи гласањето во делегацијата во која имало неправилности и ќе определи повторно гласање".

„Член 156-б

Изборната комисија за соодветната област на здружениот труд, врз основа на записниците за работата на собирите на делегациите му поднесува на Соборот на здружениот труд извештај за резултатите од изборите. Кон извештајот се доставуваат и изборните акти".

„Член 156-в

Изборната комисија за соодветната област на здружениот труд им издава уверенија на постојаните делегати во Соборот на здружениот труд".

„Член 156-г

Уверение на повремените делегати во Соборот на здружениот труд им издава претседателството на конференцијата на делегациите.

Во уверението се означува дека повремениот делегат е избран за одделна седница или за определен временски период".

Член 22

Членот 22 се менува и гласи:

„Во член 157 став 2 и во член 158 зборовите „општинската кандидациона конференција" се заменуваат со зборовите „кандидациона конференција на делегациите на основните самоуправни организации и заедници за соодветната област на здружениот труд, односно за одделната делегатска единица".

Член 23

Во член 158 став 2, член 159 и во член 161 зборовите „Републичката изборна комисија" се заменуваат со зборовите „изборната комисија за соодветната област на здружениот труд".

Во член 159 став 3 зборовите „соборот на здружениот труд на собранието на општината во кој" се заменуваат со зборовите „делегатските единици во кои".

Член 24

Членот 160 се менува и гласи:

„Постојаниот делегат е отповикан ако за отповикувањето гласало мнозинството членови на делегацијата која го избрала

Ако за отповикувањето гласаат повеќе делегации, делегатот е отповикан ако за отповикувањето гласало мнозинството од членовите на повеќе од половината делегации на основните самоуправни организации односно заедници, односно мнозинството на членовите на делегациите на основните самоуправни организации односно заедници во кои се вработени поголем број работни луѓе од соодветната делегатска единица".

Член 25

Членот 25 се менува и гласи:

„Во членот 167 зборовите „за определени прашања" се бришат.

Член 26

Членот 26 се менува и гласи:

„Во член 193 став 2 во третиот ред по зборот „конференција" се става запирка и се додаваат зборовите „кандидационата конференција на делегациите на основните самоуправни организации и заедници за соодветната област на здружениот труд, односно за одделната делегатска единица", а во дваесетипрвиот ред по зборовите „приговор до" се додаваат зборовите „изборната комисија за соодветната област на здружениот труд".

Член 27

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

**30.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ

### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ БРОЈОТ НА ДЕЛЕГАТИТЕ ШТО СЕ ДЕЛЕГИРААТ ВО ОДДЕЛНИТЕ ОБЛАСТИ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД И ДЕЛЕГАТСКИТЕ ЕДИНИЦИ ЗА ИЗБОР НА ДЕЛЕГАТИ ВО СОБОРОТ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

Се прогласува Законот за определување бројот на делегатите што се делегираат од одделните области на здружениот труд и делегатските единици за избор на делегати во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 7 февруари 1986 година.

Бр. 08-425
7 февруари 1986 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Ванчо Апостолски,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
дипл. инж. **Станко Младеновски,** с. р.

## ЗАКОН

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ БРОЈОТ НА ДЕЛЕГАТИТЕ ШТО СЕ ДЕЛЕГИРААТ ОД ОДДЕЛНИТЕ ОБЛАСТИ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД И ДЕЛЕГАТСКИТЕ ЕДИНИЦИ ЗА ИЗБОР НА ДЕЛЕГАТИ ВО СОБОРОТ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

Член 1

Со овој закон се одредува бројот на делегатите што во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ се делегираат од одделните области на здружениот труд и се утврдуваат делегатските единици за избор на делегати во Соборот.

Бројот на делегатите што се делегираат од одделните области на здружениот труд се определува сразмерно со бројот на работните луѓе во одделните области на здружениот труд, водејќи сметка за обезбедување на соодветна застапеност на работните луѓе од сите области на општествениот труд, како и за застапеноста на работните луѓе од секоја општина со најмалку по еден делегат.

Член 2

Во Соборот на здружениот труд од одделните области на здружениот труд се делегираат следниов број делегати:

| | |
|---|---|
| — од областа на производството и преработката на метали и енергетика | 15 |
| — од областа на хемиската индустрија и неметалите | 6 |
| — од областа на текстилната, кожарската и чевларската индустрија | 13 |
| — од областа на шумарството и дрвната индустрија | 3 |
| — од областа на земјоделството, прехранбената и тутунската индустрија | 16 |
| — од областа на градежништвото | 12 |
| — од областа на сообраќајот и врските | 6 |
| — од областа на графичката, информативно-издавачката дејност и производство на хартија | 2 |
| — од областа на образованието, науката и културата | 7 |
| — од областа на здравството и социјалната заштита | 5 |
| — од областа на угостителството, туризмот, комунално-станбената дејност и занаетчиството | 5 |
| — од областа на трговијата | 10 |
| — од областа на управата, правосудството и финансиските организации | 5 |
| — од редот на активните воени лица и на цивилните лица на служба во вооружените сили на СФРЈ | 3 |
| — од редот на работните луѓе што работат во земјоделска, занаетчиска и во слични дејности со средства на трудот на кои постои право на сопственост и работниците вработени кај нив и од работните луѓе што со личен труд самостојно, во вид на занимање, вршат уметничка и друга културна, адвокатска или друга професионална дејност и работниците вработени кај нив | 12 |

Член 3

Делегатските единици за избор на делегати во Соборот на здружениот труд ги сочинуваат делегациите на основните самоуправни организации и заедници од областите на здружениот труд утврдени во член 2 на овој закон и тоа:

## I. ПРОИЗВОДСТВО И ПРЕРАБОТКА НА МЕТАЛИ И ЕНЕРГЕТИКА

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 1

Делегациите на: ООЗТ Бањани, ООЗТ Пелетизација, ООЗТ Топилница, ООЗТ Челичарница, РЗ Рударство, Рудници: ООЗТ Тајмиште, ООЗТ Демир Хисар, ООЗТ Дамјан, ООЗТ Огноотпорно, ООЗТ Енергетика, ООЗТ Фаморд, ООЗТ Мерно-регулациона техника, ООЗТ Централна електро работилница и ООЗТ Транспорт и ООЗТ „Тане Цалески“ Кичево, сите во состав на РО Рудници и железарница „Скопје“ — Скопје.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 2

Делегациите на: ООЗТ Ладна валавница, ООЗТ Валавница за ленти, ООЗТ Валавница за слабови и дебел лим, ООЗТ Техничка контрола, ООЗТ Градежно одржување, ООЗТ Општествена исхрана, РЗ Институт за рударство и металургија, РЗ за кадровско-правни и општи работи, РЗ Економика, РЗ за развој и инвестиции и РЗ металургија сите во состав на РО Рудници и железарница „Скопје“ — Скопје.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 3

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: РО „Пумпи“, РО „Опрема“, РО „Енергетика“, РО ИПИ — Инженеринг, РО „Комерц“, РО ФАМ, РО Радиобран, РЗ Интерна банка, РЗ Заеднички служби, РЗ ЦЕОП, РО „Стандард“, РЗ Заеднички работи, РО ФОП — Скопје, РО Металопрес — Струмица, РО Метална — Штип и РО „Дојранско Езеро“, — Дојран, сите од СОЗТ Металски завод „ТИТО“ — Скопје.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 4

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: РО Хепос, ООЗТ Сопирачка опрема — Скопје, ООЗТ „Микрон“ — Прилеп, ООЗТ Метинд — Виница, РЗ Заеднички служби — Скопје, РО ФОС — ОЗТ Леарница — Скопје, ООЗТ Алгрета — Ресен, ООЗТ Железник — Демир Хисар, РО „Металец“ — Битола и РО „Гоце Радосавлевиќ“ — Битола, сите од СОЗТ Металски завод „ТИТО“ — Скопје.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 5

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: РО „Алумина“ — Скопје, РО „Купром“, РО „Раде Кончар“ — Скопје и РО „Југоинспект“ — Скопје.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 6

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: РО „11 Октомври“ — Скопје, РО „Коце Металец“ — Скопје, РО „Металпродукт“ — Скопје и РО ФАКОМ — Скопје

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 7

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: ХЕК Југохром — Јегуновце и РО „18 Ноември“ — Гостивар.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 8

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: РО „Херој Тоза Драговиќ“ — Охрид, РО „Руен“ — Кочани и РО Братство — Охрид.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 9

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: РО „Минел“ — ЕМО — Охрид, РО „Езерка“ — Охрид и РО „Борис Кидрич“ — Струга.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 10

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: РО „11 Октомври“ — Куманово, РО „Искра“ — Куманово, РО „11 Ноември“ — Куманово и РО „8 Октомври“ — Крива Паланка.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 11

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: Рудници за олово и цинк Саса — Македонска Каменица, РО Рудници за олово и цинк — Злетово — Пробиштип, Рудник во изградба Тораница — Кочани, РО Топилница за цинк и олово — Титов Велес, РО „Интерметал“ — Скопје, РЗ на СОЗТ Злетово — Саса — Скопје и РО Фабрика за преработка на цинк, Саса — Македонска Каменица, сите од СОЗТ Злетово — Саса — Скопје.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 12

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: РО „Раде Кончар“ — Битола, РО „11 Октомври“ — Прилеп, РО „Димче Бањарот“ — Прилеп, РО „Пролетер“ — Прилеп, РО „Металец“ — Прилеп и Златара — Крушево.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 13

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: Браќа Кошулчеви — Титов Велес, РО ЕЛРО — Кавадарци, РО МИК — Кавадарци, РО „9 Мај“ — Неготино, ЕИ Ниш — ООЗТ Гевгелија — Алат — Гевгелија, ООЗТ ВФ Керамика — Гевгелија, РО „Бучим“ — Радовиш и РО СТП ФИОВ — Валандово.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 14

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: РО „Електромакедонија“ — Скопје, ХЕЦ „ТИТО“ — Гостивар, ХЕЦ — Глобочица — Струга, ХЕЦ „Тиквеш“ — Кавадарци, ХЕЦ „Шпиље“ — Дебар, РЗ заеднички служби на СОЗТ Скопје и РО „Пренос“ — Скопје, сите од СОЗТ „Електростопанство на Македонија“ — Скопје.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 15

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: РЕК „Битола“ — Битола, РЕК „Осломеј“ — Кичево и ТЕ „Неготино“ — Неготино, сите од СОЗТ „Електростопанство на Македонија“ Скопје и делегациите од Рафинеријата „Скопје“ — Скопје.

## II. ХЕМИСКА ИНДУСТРИЈА И НЕМЕТАЛИ

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 16

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: РО „Малин“, РО „Хемтекс“, РО „Енергетика“, РО „Одржување“, РО „ОХИС — Комерц“, РО „Бовил“, РО ПВА РЗ Ирик и РЗ Заеднички служби, сите од СОЗТ ОХИС — Скопје.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 17

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: РО ПАМ, РО „Пластинг“. РО „Пестициди“ и РО „Бахем“ сите од СОЗТ, ОХИС — Скопје и делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на РО „Алкалоид“ — Скопје и РО „Јака 80“ — Скопје.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 18

Делегациите на: ООЗТ Неметали, ООЗТ Силпеч, ООЗТ Силпром, ООЗТ Силикат, ООЗТ Силмоградба, ООЗТ Комуналец, ООЗТ Земјоделие, ООЗТ Трговија, ООЗТ Силмос сите во состав на РИК „Силекс“ — Кратово и делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на РО „Иднина“ — Кратово, РИК „Бентомак“ — Крива Паланка, РО „Југовитропан“ — Делчево, РО „Депласт“ — Дебар и Рудници и ф-ка „Партизан“ — Прилеп.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 19

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: РО за порцелан „Борис Кидрич“ — Титов Велес, РО „Хемиска индустрија“ — Титов Велес, РО „Лихнида“ — Охрид, РО „Преспапласт“ — Струга и РО 7 „Ноември“ — Гевгелија.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 20

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: РО РИОМ „Силика“ — Гостивар, РО „Видое Смилевски — Бато“ — Гостивар, РО Рудници и индустрија за неметали — Пехчево, РО Кристалограверница — Пехчево, РО РИК „Опалит“ — Чешиново — Кочани, РО Рудник „Стрмом“ — Пробиштип, РО Рудник — „Огражден“ — Струмица, РО Македонија — Струмица, РО „Електробосна — Јајце“ ООЗТ Неметали — Штип, РО „Преспа“ — ООЗТ Преспатекст — Ресен, РО „Техногас“ — Лепенец — Скопје, РО „Треска“ — мебел — Скопје, ООЗТ Трескапласт — Скопје, РО „Адинг“ — Скопје и РО „Преспатекс“ — Ресен.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 21

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: РО Стаклара „Скопје“ — Скопје, РО Геолошки завод — Скопје, РО „Копласт“ — Скопје, РО „Геолог“ — Скопје, РО „Геобиро“ — Битола, РО „Мермерен комбинат“ — Прилеп и РО „Мермери“ — Гостивар и РО „Беаема“ — Берово.

III. ТЕКСТИЛНА, КОЖАРСКА И ЧЕВЛАРСКА ИНДУСТРИЈА

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 22

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на РО „Македонка“ — Штип.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 23

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: РО „Астибо“ — Штип, РО „Снитекс“ — Свети Николе и РО „Политекс“ — Штип.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 24

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: РО „Готекс“ — Гостивар, РО „Декон“ — Гостивар, РО „Братство“ — Ростуше, РО „Единство“ — Скудриње, РО „Стружанка“ — Струга, РО „Црвена Ѕвезда“ — Скопје, „Скотекст“ — Скопје и РЗ Интекс — Скопје.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 25

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: РО „Струмичанка“ — Струмица, РО „Југотекс“ — Струмица, РО „Декортекс“ — Радовиш, РО „Винка“ — Виница, РО „Фротирка“ — Делчево и РО „Карпош“ — Крива Паланка.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 26

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: РО „Биљана“ — Прилеп, РО „Политекс“ — Прилеп; „Ридтекс“ — Прилеп; РО „Кавадарка“ — Кавадарци; РО „Илинденчка“ — Крушево; РО „Нонча Камишова“ — Титов Велес и РО „Ветекс“ — Титов Велес.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 27

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: РО „Мирка Гинова“ — Скопје, РО „Прогрес“ — Скопје, РО „Велурфлок“ — Скопје, РО „Македонски фолклор“ — Скопје, РО „Наше дете“ — Скопје, „Македонијаспорт“ — Скопје, РО „Трикотажа“ — Ѓорче Петров — Скопје, РО „Биброк“ — Куманово, РО „Вера Јоциќ“ — Крива Паланка, РО „Вера Пазаванска“ — Кратово и РО „Мода“ — Свети Николе.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 28

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: РО „Тетекс“ — Тетово освен делегацијата на ООЗТ Конфекција.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 29

Делегацијата на ООЗТ Конфекција во состав на РО „Тетекс“ — Тетово и делегациите во состав на РО „Единство“ — Тетово и РО „Елегант“ — Гевгелија.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 30

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: РО „Битолатекс“ — Битола, РО „Иднина“ — Битола, РО „Илинден“ — Битола, РО „Пелистер“ — Битола, РО „Солидарност“ — Прилеп и РО „Дехитекс“ — Демир Хисар.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 31

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: РО „Отекс“ — Охрид, РО „Охриѓанка“ — Охрид, РО „Преспатекс“ — Ресен, РО „Единство“ — Струга, РО „Новост“ — Дебар и РО „Отекс“ — Охрид — ООЗТ Кичево.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 32

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: РО „Герас Цунев“ — Струмица, РО „Единство“ — Струмица, РО „Партизанка“ — Берово, РО „Беровчанка“ — Берово, РО „Комуна“ — Пехчево, РО „Партизанка“ — Делчево, РО „Гобленка“ — Делчево, РО „Трико“ — Виница, РО „Пролетер“ — Кочани, РО „Киро Фетак“ — Куманово, РО „Ватекс“ — Валандово.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 33

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: РО „Чик“ — Куманово, РО „Кожара“ — Куманово, РО „Баргала“ — Штип, РО „Борис Кидрич“ — Битола, и РО „Борка Левата“ — Прилеп.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 34

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: РО „Газела“ — Скопје, РО „Гоце Делчев“ — Скопје, РО „Димко Митрев“ — Титов Велес и РО „Мишка“ — Тетово.

IV. ШУМАРСТВО И ДРВНА ИНДУСТРИЈА

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 35

Делегациите на: ООЗТ „Топола“ — Скопје и ООЗТ Шумапроект — Скопје во состав на РО „Треска“ — Шумарство, ООЗТ „Шумарство при „Овче поле“ — Свети Николе и делегациите на: ШС „Караџица“ — Скопје, ШС „Куманово“ — Куманово, ШС „Бор“ — Кавадарци, ШС „Беласица“ — Струмица, ШС “Осогово“ — Кочани, ШС „Осогово“ — Крива Паланка, ШС „Малешево“ — Берово, ШС „Кајмакчалан“ — Битола, ШС „Плачковица“ — Виница, ШС „Шар“ — Гостивар, ШС „Лопушник“ — Кичево, ШС „Сандански“ — Македонски Брод, ШС „Голак“ — Делчево, ШС „Демир Капија“ — Демир Капија, ШС „Липа“ — Крушево, ШС „Санџак“ — Валандово, ШС „Стогово“ — Дебар, ШС „Галичица“ — Охрид, ШС „Бигла“ — Демир Хисар, ШС „Кожуф“ — Гевгелија, ШС „Серта“ — Штип, ШС „Кратово“ — Кратово и ШС „Бабуна“ — Титов Велес.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 36

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: РО ШИК „Плачковица“ — Радовиш, РО „Димче Еребица“ — Куманово, РО „1 Мај“ — Куманово, РО „Трес-

ка" — Јосиф Свештарот" — Струмица, РО „Треска" — „Осогово" — Крива Паланка, РО „Треска" — „Борис Кидрич" — Кочани, РО „Треска" — „Огражден" — Берово, РО „30 Август" — Виница, РО „Треска" — Мебел — Скопје, РО „Треска" — трговмебел — Скопје, РО „Треска" — Извоз-увоз — Скопје, РО „Трескарепропромет" — Скопје, РО „Трескаинженеринг" — Скопје, РО „Треска — Интерна банка — Скопје, Заеднички служби на СОЗТ „Треска" — Скопје.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 37

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: РО „Треска" — Јавор — Гостивар, РО ШИК „Јелак" — Тетово, РО ДИК „Црн Бор" — Прилеп, РО „Треска" — Битола — Битола, РО ШИК „Караорман" — Струга, РО „Копачка" — Кичево, РО „Треска" — Гоце Делчев — Македонски Брод, РО „Треска" — Страшо Пинџур — Кавадарци, РО „Преспа" — Заеднички служби — Ресен, РО „Ентериер" — РО „Треска" — Висока Чука — Миравци — Гевгелија, РЗ Заеднички служби при СОЗТ „Македонијадрво" — Скопје и РО „Водовод" ООЗТ Водостопанство — Гостивар.

V. ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ПРЕХРАНБЕНА И ТУТУНСКА ИНДУСТРИЈА

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 38

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: ЗИК „Скопско Поле" — Скопје, ЗЗПК и Магро — Скопје, Републичка стручна служба за унапредување на индивидуалното земјоделство — Скопје и Ветеринарна болница — Скопје.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 39

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: ЗИК „Куманово" — Куманово, ЗС „Клечовци" — Куманово, Ветеринарна и стручна служба — Куманово, РО „Силекс" — ООЗТ Земјоделие и стручна служба — Кратово, РО Земјоделско стопанство Малина и Ветеринарна и стручна служба Крива Паланка, РО Земјоделско стопанство Гајранци — Пробиштип, ЗИК „Кочанско поле" — Кочани и Ветеринарна стручна служба — Кочани, ЗИК „Сандански" — Делчево и Ветеринарна и стручна служба — Делчево, ЗИК „Малеш" — Берово и Ветеринарна и стручна служба — Берово, ЗИК „Брегалница" — Виница и Стручна служба — Виница.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 40

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: ЗИК „Црвена Звезда" — Штип, РО Овчарско стопанство — „Први Мај" — Драгоево — Штип и Ветеринарна и стручна служба — Штип, ЗИК „Струмица" и Ветеринарна и стручна служба — Струмица.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 41

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: ЗИК „Овче Поле" — Свети Николе, КИФ „Кланичка индустрија" — Свети Николе и Ветеринарна и стручна служба — Свети Николе, ЗИК „Радовишко поле" — Радовиш и Ветеринарна и стручна служба — Радовиш.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 42

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: ЗИК „Винојуг" — Гевгелија, ЗИК „Изворски" — Богданци, РО „Рибарство" — Дојран, Ветеринарна и стручна служба — Гевгелија и РО „Цвет" — Гевгелија.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 43

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: ЗИК „Повардарие" — Неготино, ЗИК „Венец" — Долни Дисан и Ветеринарна и стручна служба — Неготино, АК „Тиквеш" — Кавадарци и Ветеринарна и стручна служба — Кавадарци.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 44

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: АК „Лозар" — Титов Велес и Ветеринарна и стручна служба — Титов Велес, ЗИК „Анска Река" — Валандово и Ветеринарна и стручна служба — Валандово.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 45

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: ЗИК „Прилеп" — Прилеп и Ветеринарна и стручна служба — Прилеп, РО Земјоделско стопанство — Крушево и стручни служби на Демир Хисар и Македонски Брод.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 46

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: ЗИК „Пелагонија" — Битола, АК „Лозар" — Битола и Ветеринарна и стручна служба — Битола.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 47

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: РО Земјоделско стопанство „Градинар" — Охрид, РО „Словин" — Охрид, РО „Живинарска фарма" — Охрид, РО „Рибарство" — Охрид, ЗИК „Струшко поле" — Струга, РО „Рибарство" — Струга, ЗИК „Преспанско јаболко" — Ресен, РО „Агроплод" — ООЗТ — Земјоделие Ресен, РО „Рибо-Преспа" — Ресен, ЗИК „Прогрес" — Дебар, РО „Земјоделско стопанство" — Кичево, РО Земјоделско сточарско стопанство — „Напредок" — Гостивар, Сточарско претпријатие „Ѓоде Филиповски" — Гостивар, РО „Кланица" Горни Полог — Гостивар, ЗИК „Тетово" — Тетово и стручните служби од општините: Охрид, Струга, Ресен, Дебар, Кичево Гостивар и Тетово.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 48

Делегациите на основните самоуправни организации и заедници од областа на мелничко-пекарската индустрија.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 49

Делегациите на основните самоуправни организации и заедници од областа на пиварската и кондиторската индустрија.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 50

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: „Тутунски комбинат" — Скопје, „Тутунски комбинат" — Куманово, РО „Југотутун" — Кочани, РО „Југотутун" — Делчево, РО „Југотутун" — Пехчево, РО „Југотутун" — Штип, РО „Југотутун" — Свети Николе, РО „Југотутун" — Радовиш, РО „Југотутун" — Струмица, РО „Југотутун" — Валандово, РО „Југотутун" — Гевгелија, РО „Југотутун" — Виница, РО „Југотутун" — Тетово, РО „Југотутун" — Титов Велес и заедничките служби на РО „Македонија-табак" — Скопје и СОЗТ Југотутун — Скопје.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 51

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: „Тутунски комбинат" — Прилеп, РО „Југотутун" — Неготино, РО „Југотутун" — Кавадарци, РО „Југотутун" — Битола, РО „Југотутун" — Ресен, РО „Југотутун" — Охрид, РО „Југотутун" — Крушево, РО „Југотутун" — Демир Хисар, РО „Југотутун" — Македонски Брод, и РО „Југотутун" — Прилеп.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 52

Делегациите на основните самоуправни организации и заедници од областа на водостопанството.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 53

Делегациите на основните самоуправни организации — земјоделски задруги и задружниот сојуз на Македонија — Скопје

## VI. ГРАДЕЖНИШТВО

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 54

Делегациите на ООЗТ I-Градилиште — Скопје, ООЗТ II-Градилиште — Гевгелија, ООЗТ III-Градилиште — Скопје, ООЗТ IV-Градилиште — Титов Велес, ООЗТ V-Градилиште — Скопје, ООЗТ VI-градилиште — Скопје, ООЗТ VIII-Градилиште — Гостивар, ООЗТ IX-Градилиште — Кавадарци, ООЗТ X-Градилиште — Битола, ООЗТ Преземање и изведување работи во странство — Скопје, ООЗТ Сместување и општествена исхрана — Скопје, сите во состав на ГРО „Пелагонија" Скопје и Комбинат за гипс и гипсени преработки „Радика" — Дебар.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 55

Делегациите на: ООЗТ VII-Градилиште — Берово, ООЗТ XI-Градилиште — Крива Паланка, ООЗТ XII-Градилиште — Штип, ООЗТ XIII-Градилиште — Свети Николе, ООЗТ XIV-Градилиште — Виница, ООЗТ Тодор Коларев — Штип, ООЗТ Механизација — Скопје. Армирачки погон — Скопје, ООЗТ Градежен сервис — Скопје, сите во состав на ГРО „Пелагонија" — Скопје и делегациите на: ГРО „Младост" — Струмица, ГРО „Градба" — Струмица, ГРО „Базалт" — Штип, ГРО „Младост" — Титов Велес, ГРО „Обнова" — Гевгелија, ГРО „Козјак" — Куманово и ГРО „Минер" — Куманово.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 56

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на ГРО „Маврово" — Скопје, освен ООЗТ од областа на нискo и хидроградбата и проектирањето.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 57

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на ГРО „Бетон" — Скопје освен ООЗТ од областа на проектирањето.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 58

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на ГРО „Гранит" — Скопје, освен ООЗТ од областа на нискo и хидроградбата и проектирањето.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 59

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на ГРО „Илинден" и ГРО „Техника".

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 60

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: ГРО „Трудбеник" — Охрид, РО „Слобода" — Охрид, РО „Пелистер" — Битола, РО „Младост" — Битола, РО „Слобода" — Битола и РО „Прилепец" — Прилеп.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 61

Делегациите на основните самоуправни организации и заедници од областа на нискo и хидроградбата.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 62

Делегациите на основните самоуправни организации и заедници од областа на инсталационите работи.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 63

Делегациите на основните самоуправни организации и заедници од областа на завршните работи во градежништвото.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 64

Делегациите на основните самоуправни организации и заедници од областа на индустријата за градежни материјали.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 65

Делегациите на основните самоуправни организации и заедници од областа на проектирање на градежни објекти, просторното и урбанистичкото планирање, ГРО „Новоградба" — Скопје, ГРО „29 Ноември" — Скопје, „Инвестградба" — Скопје и ГРО „Изградба" — Скопје.

## VII. СООБРАЌАЈ И ВРСКИ

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 66

Делегациите на ООЗТ Сообраќаен погон, ООЗТ Влеча на возови, ООЗТ ЗОП (За одржување на пруги), ООЗТ ЕТП (Електротехнички постројки) и на Работната заедница Заеднички служби сите во состав на РО ЖТО — Скопје.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 67

Делегациите на ООЗТ Фабрика за шински возила, ООЗТ Ремонт на пруги, ООЗТ ЖАС — Скопје, ООЗТ ЖАС — Битола, ООЗТ ЖАС — Гостивар, ООЗТ ЖАС — Кичево, ООЗТ ЖАС — Гевгелија, ООЗТ Ферошпед, ООЗТ Феротурист, ООЗТ Центар за обработка на податоци и кибернетика, ООЗТ Стопанисување на станови и згради, ООЗТ Интерна банка и ООЗТ Здравствен дом на железничарите — Скопје, сите во состав на РО ЖТО — Скопје.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 68

Делегациите на основните организации на здружениот труд и работни заедници во состав на РО за ПТТ сообраќај — Скопје.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 69

Делегациите на дел од ООЗТ и РЗ во состав на: РО на ГСС — Скопје, Автотранспортна РО „Пролетер" — Скопје, РО ИТШ „Вардар" — Скопје, РО „Автотранспорт" — Кралево, ООЗТ „Скопје" — Скопје РО „Југотурист" — Куманово, РО Транс Велес, — Т. Велес, РО „Македонија пат" — Скопје, РО за аеродромски услуги Аеродром „Скопје" — Скопје, Деловна заедница на патниот сообраќај „Македонија сообраќај" — Скопје, РО „Траншпед" Белград ООЗТ „Меѓународна шпедиција" — Скопје, РО за меѓународна шпедиција за јавни складишта „Транскоп" — Скопје и РО „Макошпед" — Скопје.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 70

Делегациите на дел на ООЗТ и РЗ во состав на: РО „Исток транс" — Штип, РО „Атом" — Кочани, РО „Траншпед Македонија" — Струмица, делегациите на ООЗТ „Орел" — „Орел" — Радовиш и ООЗТ Единство — Свети Николе во состав на РО „Балканшпед" — Радовиш и делегацијата на ООЗТ Млаз Богданци во состав на РО „Макпетрол" — Скопје.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 71

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: РО „Полет" — Тетово, РО „Шпиље Транс" — Дебар, РО „Галеб" — Охрид, РО „Југотранс" — Струга, РО „Транскоп" — Битола, РО „Преспатранс" — Ресен, РО „Пелагонија Турист" — Прилеп, РО „Тиквеш-Транс" — Кавадарци, РО „Антигона Транс" — Неготино и РО „Аеродром" — Охрид.

## VIII. ГРАФИЧКА, ИНФОРМАТИВНО-ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ И ПРОИЗВОДСТВО НА ХАРТИЈА

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 72

Делегациите на основните самоуправни организации и заедници од областа на графичката дејност и производство на хартија.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 73

Делегациите на основните самоуправни организации и заедници од областа на информативно-издавачката дејност.

## IX. ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА И КУЛТУРА

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 74

Делегациите на основните самоуправни организации и заедници од областа на предучилишното и основното образование и воспитание од подрачјето на град Скопје и Заводот за унапредување на воспитанието и образованието — Скопје.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 75

Делегациите на основните самоуправни организации и заедници од областа на предучилишното и основното образование и воспитание и на заводите за унапредување на образованието од подрачјето на општините: Куманово, Крива Паланка, Кратово, Пробиштип, Свети Николе, Штип, Кочани, Виница, Делчево, Берово, Радовиш, Струмица, Валандово, Гевгелија, Неготино, Кавадарци и Титов Велес.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 76

Делегациите на основните самоуправни организации и заедници од областа на предучилишното и основното образование и воспитание и на заводите за унапредување на образованието од подрачјето на општините: Тетово, Гостивар, Кичево, Дебар, Струга, Охрид, Ресен, Битола, Демир Хисар, Прилеп, Крушево и Македонски Брод.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 77

Делегациите на основните самоуправни организации и заедници од областа на насоченото образование кои подготвуваат кадри за општествените дејности и Републичкиот завод за школство и домовите на учениците и студентите.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 78

Делегациите на основните самоуправни организации и заедници од областа на насоченото образование кои подготвуваат кадри за материјалното производство.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 79

Делегациите на основните самоуправни организации и заедници од областа на научно-истражувачката дејност.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 80

Делегациите на основните самоуправни организации од областа на културните вредности, сценско-уметничката дејност, културно-образовната и другите дејности и од областа на физичката култура и спортот.

## X. ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 81

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на Универзитетскиот центар за медицински науки — Скопје, Републичкиот завод за здравствена заштита — Скопје, Институтот за градни болести и ТБЦ — Скопје и Градска болница — Скопје.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 82

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: Здравствен дом — Скопје, Медицински центар — Куманово, Медицински центар — Крива Паланка, Здравствен дом — Кратово, Медицински центар — Тетово, Специјална болница за градни болести и ТБЦ — Лешок — Тетово, Медицински центар „Борис Камчевски" — Гостивар, Здравствен дом — Ростуше — Гостивар, Завод за медицинска рехабилитација — Скопје, Завод за ментално здравје на деца и младинци — Скопје, Градска аптека — Скопје и Болница за нервни и душевни болести — Скопје.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 83

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: Медицински центар — Струга, Медицински центар — Дебар, Дебарски бањи — Дебар, Аптека — Дебар, Специјална болница за реуматски заболувања — Охрид, Специјална болница за коскозглобна туберкулоза — Охрид, Центар за превентивно лекување и рехабилитација на кардиомускуларни заболувања — Охрид, Медицински центар — Охрид, Болница за душевни болести — Демир Хисар, Медицински центар — Битола, Медицински центар — Прилеп и Градска аптека — Крушево.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 84

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на: Медицински центар — Титов Велес, Аптека — Титов Велес, Специјална болница за белодробна туберкулоза — Јасеново — Титов Велес, Природни лекувалишта — Негорци — Гевгелија, Градска аптека — Гевгелија, Медицински центар — Гевгелија, Здравствен дом — Валандово, Здравствен дом — Свети Николе, Здравствен дом — Неготино, Медицински центар — Кавадарци, Аптека — Кавадарци, Медицински центар — Струмица, Медицински центар — Кочани, Аптека — Кочани, Здравствен дом — Берово, Здравствена станица — Пехчево, Здравствен дом — Виница, Здравствен дом — Делчево, Здравствен дом — Пробиштип, Медицински центар — Штип и Здравствен дом — Радовиш.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 85

Делегациите на ООЗТ и РЗ во состав на Републичкиот завод за социјална заштита, Републичкиот завод за рехабилитација на слух, говор и глас — Скопје и на другите самоуправни организации и заедници од областа на социјалната заштита.

## XI. УГОСТИТЕЛСТВО, ТУРИЗАМ, КОМУНАЛНО-СТАНБЕНА ДЕЈНОСТ И ЗАНАЕТЧИСТВО

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 86

Делегациите на самоуправните организации и работни заедници од областа на комуналното стопанство во општините: Чаир — Скопје, Центар — Скопје, Карпош — Скопје, Гази Баба — Скопје, Кисела Вода — Скопје, Куманово, Крива Паланка, Кратово, Титов Велес и Тетово.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 87

Делегациите на основните самоуправни организации и работни заедници од областа на комуналното стопанство во општините: Берово, Битола, Македонски Брод, Валандово, Виница, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Демир Хисар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Крушево, Неготино, Охрид, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Свети Николе, Струга, Струмица и Штип.

### ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 88

Делегациите на основните самоуправни организации и работни заедници од областа на угостителството и туризмот од општините: Центар — Скопје, Гази Баба — Скопје, Кисела Вода — Скопје, Карпош — Скопје, Куманово, Штип, Радовиш, Пробиштип, Кочани, Делчево, Крива Паланка, Гевгелија, Свети Николе, Тетово, Гостивар, Валандово, Кичево, Охрид, Струга, Битола, Крушево, Прилеп, Кавадарци, Ресен, Неготино, Дебар, Демир Хисар, Берово, Струмица и Титов Велес.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 89

Делегациите на основните самоуправни организации и работни заедници од областа на услужното и производното занаетчиство од општините: Гази Баба — Скопје, Карпош — Скопје, Кисела Вода — Скопје, Центар — Скопје, Чаир — Скопје, Битола, Македонски Брод, Гостивар, Дебар, Демир Хисар, Крушево, Охрид, Струга, Ресен, Прилеп, Тетово и Кичево.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 90

Делегациите на ООЗТ и РЗ од областа на услужното и производното занаетчиство од општините: Берово, Валандово, Виница, Гевгелија, Делчево, Кавадарци, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Неготино, Пробиштип, Радовиш, Свети Николе, Струмица, Титов Велес и Штип.

XII. ТРГОВИЈА

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 91

Делегациите на ООЗТ и РЗ од областа на трговијата во општините: Титов Велес, Неготино, Кавадарци и Кисела Вода — Скопје.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 92

Делегациите на ООЗТ и РЗ од областа на трговијата во општините: Струмица, Валандово, Радовиш, Берово, Виница и Свети Николе.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 93

Делегациите на ООЗТ и РЗ од областа на трговијата во општините: Штип, Пробиштип, Кочани, Делчево и Гевгелија.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 94

Делегациите на ООЗТ и РЗ од областа на трговијата во општините: Куманово, Кратово, Крива Паланка и Гази Баба — Скопје.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 95

Делегациите на ООЗТ и РЗ од областа на трговијата во општините: Тетово, Гостивар и Карпош — Скопје.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 96

Делегациите на ООЗТ и РЗ од областа на трговијата во општините: Охрид, Струга, Дебар, Ресен, Кичево, Македонски Брод, Демир Хисар и Крушево.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 97

Делегациите на ООЗТ и РЗ од областа на трговијата од општините Битола и Прилеп.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 98

Делегациите на ООЗТ и РЗ од областа на трговијата на големо и надворешната трговија.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 99

Делегациите на ООЗТ и РЗ од областа на прометот на прехранбени производи од подрачјето на општините на град Скопје.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 100

Делегациите на ООЗТ и РЗ од областа на прометот на мало од подрачјето на општините на град Скопје.

XIII. УПРАВА, ПРАВОСУДСТВО И ФИНАНСИСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 101

Делегациите на работните заедници од областа на правосудството, управата и општествено-политичките организации од општина Центар — Скопје.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 102

Делегациите на работните заедници од областа на финансиските организации, самоуправните интересни заедници, општествените организации и здруженијата на граѓаните од општина Центар — Скопје.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 103

Делегациите на работните заедници од областа на правосудството, управата, финансиските организации, самоуправните интересни заедници, општествено-политичките организации, општествените организации и здруженијата на граѓаните од општините: Чаир — Скопје, Кисела Вода, Скопје, Гази Баба — Скопје, Карпош — Скопје, Титов Велес, Неготино, Кавадарци, Гевгелија и Валандово.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 104

Делегациите на работните заедници од областа на правосудството, управата, финансиските организации, самоуправните интересни заедници, општествено-политичките организации, општествените организации и здруженијата на граѓаните од општините: Битола, Прилеп, Крушево, Демир Хисар, Ресен, Кичево, Македонски Брод, Охрид, Струга, Тетово и Гостивар.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 105

Делегациите на работните заедници од областа на правосудството, управата, финансиските организации, самоуправните интересни заедници, општествено-политичките организации, општествените организации и здруженијата на граѓаните од општините: Штип, Радовиш, Пробиштип, Струмица, Свети Николе, Делчево, Берово, Виница, Кочани, Кратово, Крива Паланка и Куманово.

XIV. АКТИВНИ ВОЕНИ ЛИЦА И ЦИВИЛНИ ЛИЦА НА СЛУЖБА ВО ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА СФРЈ

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 106

Делегациите во Скопската армиска област.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 107

Делегациите во Републичкиот штаб за територијална одбрана.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 108

Делегациите во Командата на одбрана на град Скопје.

XV. РАБОТНИ ЛУЃЕ ШТО РАБОТАТ ВО ЗЕМЈОДЕЛСКА ЗАНАЕТЧИСКА И ВО СЛИЧНИ ДЕЈНОСТИ СО СРЕДСТВА НА ТРУДОТ НА КОИ ПОСТОИ ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ И РАБОТНИЦИТЕ ВРАБОТЕНИ КАЈ НИВ И ОД РАБОТНИТЕ ЛУЃЕ ШТО СО ЛИЧЕН ТРУД САМОСТОЈНО ВО ВИД НА ЗАНИМАЊЕ ВРШАТ УМЕТНИЧКА И ДРУГА КУЛТУРНА АДВОКАТСКА ИЛИ ДРУГА ПРОФЕСИОНАЛНА ДЕЈНОСТ И РАБОТНИЦИТЕ ВРАБОТЕНИ КАН НИВ

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 109

Делегациите на работните луѓе што работат во занаетчиска и во слични дејности со средства на трудот на кои постои право на сопственост и на работниците вработени кај нив од општините: Куманово, Крива Паланка, Кратово, Пробиштип, Штип,

Свети Николе, Виница, Кочани, Берово, Делчево, Валандово, Гевгелија, Струмица и од подрачјето на општините на град Скопје.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 110

Делегациите на работните луѓе што работат во занаетчиска и во слични дејности со средства на трудот на кои постои право на сопственост и на работниците вработени кај нив од општините: Титов Велес, Неготино, Кавадарци, Битола, Прилеп, Крушево, Демир Хисар, Македонски Брод, Ресен, Охрид, Струга, Кичево, Дебар, Гостивар и Тетово.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 111

Делегациите на работните луѓе што со личен труд самостојно во вид на занимање вршат уметничка или друга културна адвокатска или друга професионална дејност и работниците вработени кај нив.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 112

Делегациите на работните луѓе што работат во земјоделството со средства на трудот на кои постои право на сопственост и работниците вработени кај нив од подрачјето на општините на град Скопје.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 113

Делегациите на работните луѓе што работат во земјоделството со средства на трудот на кои постои право на сопственост и работниците вработени кај нив од општините: Свети Николе, Куманово, Кратово и Крива Паланка.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 114

Делегациите на работните луѓе што работат во земјоделството со средства на трудот на кои постои право на сопственост и работниците вработени кај нив од општините: Штип, Пробиштип и Радовиш.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 115

Делегациите на работните луѓе што работат во земјоделството со средства на трудот на кои постои право на сопственост и работниците вработени кај нив од општините: Титов Велес, Неготино и Кавадарци.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 116

Делегациите на работните луѓе што работат во земјоделството со средства на трудот на кои постои право на сопственост и работниците вработени кај нив од општините: Валандово, Гевгелија и Струмица.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 117

Делегациите на работните луѓе што работат во земјоделството со средства на трудот на кои постои право на сопственост и работниците вработени кај нив од општините: Битола, Прилеп, Крушево, Демир Хисар и Македонски Брод.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 118

Делегациите на работните луѓе што работат во земјоделството со средства на трудот на кои постои право на сопственост и работниците вработени кај нив од општините: Ресен, Охрид, Струга и Кичево.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 119

Делегациите на работните луѓе што работат во земјоделството со средства на трудот на кои постои право на сопственост и работниците вработени кај нив од општините: Тетово, Гостивар и Дебар.

ДЕЛЕГАТСКА ЕДИНИЦА БРОЈ 120

Делегациите на работните луѓе што работат во земјоделството со средства на трудот на кои постои право на сопственост и работниците вработени кај нив од општините: Берово, Виница, Делчево и Кочани.

Член 4

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

## ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА — КРИВА ПАЛАНКА

**48.**

Врз основа на член 36 точка 5 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница на културата — Крива Паланка, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница на културата, на седницата одржана на 19 декември 1985 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОПШТИНСКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 1986 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите што ги плаќаат основните организации на здружениот труд од доходот и од работните луѓе од личниот доход, заради обезбедување на средства на Општинската самоуправна интересна заедница на културата.

Член 2

Во 1986 година се утврдуваат стапки на придонеси и тоа:

— 0,86%, придонес од доходот на основните организации на здружен труд;

— 0,70%, придонес од личен доход од работен однос;

— 0,01%, придонес од личен доход од земјоделска дејност;

— 1%, придонес од личен доход од самостојно вршење на професионална дејност; и

— 1%, придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност.

Член 3

Од утврдените стапки на придонеси во член 2 точка 1 и 2 на оваа одлука Општинската СИЗ на културата издвојува:

— 0,713%, од доходот на основните организации на здружен труд; и

— 0,50%, од личен доход од работен однос, за изградба на новиот спомен дом на културата во Крива Паланка.

Член 4

Пресметувањето и уплатата на средствата по оваа одлука ќе ги врши Службата на општественото книговодство.

Член 5

Работните организации од основното и средното насочено образование во Општината придонесите со утврдените стапки во член 2 на оваа одлука ќе ги наплатуваат 50%, РО за општествена заштита на децата 70%, а РО „Вера Јоциќ" се ослободува од плаќање на придонес.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1986 година.

Бр. 08-89
19 декември 1985 година
Крива Паланка

Претседател,
**Коста Цветановски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ — КРИВА ПАЛАНКА

**49.**

Врз основа на член 22 став 3 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за образование и научни дејности — Крива Паланка, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 16 декември 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 1986 ГОДИНА

Член 1

Стапките на придонесите од личен доход за финансирање на основното образование во 1986 година се утврдуваат и тоа:

1. придонес од личен доход од работен однос од стопанството и нестопанството — 5,00%;

2. придонес од личен доход од земјоделска дејност — 0,50%;

3. придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска и професионална дејност — 6,00%.

Член 2

По исклучок од членот 1 точка 1 на оваа одлука, работните организации од основното воспитание и образование во Општината се ослободуваат од плаќање на придонесот од личен доход, РО од насоченото образование придонесот од личен доход од работен однос ќе го плаќаат по стапка од 2,5%, а РО од предучилишното воспитание и образование по стапка од 3,50%.

Член 3

Одлуката е полноважна од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1986 година.

Бр. 08-189
16 декември 1985 година
Крива Паланка

Претседател,
**Милка Младеновска,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — ШТИП

**50.**

Врз основа на член 15 од Законот за општествена заштита на децата и член 54 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата — Штип, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата — Штип, на седницата одржана на 25 декември 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕС ОД БРУТО ЛИЧЕН ДОХОД НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНСКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — ШТИП ЗА 1986 ГОДИНА

Член 1

Стапките на придонес од бруто личен доход на граѓаните се утврдуваат, и тоа:

— 1,95%, од бруто личен доход на работните луѓе во нестопанството;

— 2,50%, од бруто личен доход на работните луѓе во стопанството.

Член 2

0,97%, придонес од бруто личен доход за општествена заштита на децата уплатуваат:

1. Детска установа „Вера Циривира — Трена" — Штип;
2. Детска установа „Астибо" — Штип;
3. РО за основно воспитание и образование „Јосип Броз Тито" — Штип;
4. Пионерски дом „Вита Попјорданова" — Штип;
5. Училишен текстилен центар „Видое Смилевски — Бато" — Штип;
6. Центар за насочено образование „Славчо Стојменски" — Штип;
7. Медицински училишен центар „Вељко Влаховиќ" — Штип;
8. Електро машински центар „Никола Нехтенин" — Штип;
9. Музичко училиште — Штип;
10. Центар за работно оспособување на ментално ретадирани лица „Искра" — Штип и
11. Меѓуопштински завод за школство — Штип.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1986 година.

Бр. 10-1620/6
25 декември 1985 година
Штип

Претседател,
**Вера Манева,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА — БИТОЛА

**51.**

Врз основа на член 218 од Законот за предучилишно и основно воспитание и образование („Службен весник на СРМ" бр. 19/83) и член 6 од Статутот на Самоуправната интересна заедница за образование и наука — Битола, Собранието на Самоуправната интересна заедница за образование и наука — Битола, на седницата одржана на 27 декември 1985 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ ВАЖНОСТА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА — БИТОЛА ВО 1986 ГОДИНА

Член 1

За обезбедување финансиски средства на Самоуправната интересна заедница за образование и наука — Битола, за извршување на задачите утврдени со Закон и самоуправните акти се продолжува важноста на Одлуката за утврдување на стапките на придонесите и во 1986 година.

Член 2

Стапките на придонесите за самоуправните интересни заедници за образование и наука изнесуваат:

1. придонес од личен доход од работен однос од стопанството по стапка од 4,5%;

2. придонес од личен доход од работен однос од нестопанството по стапка од 4,5%, освен придонесот од личен доход од работен однос во организа-

циите на здружен труд од општествената заштита на децата, основното и насоченото средно образование и социјалната заштита, по стапка од 2,25%, а за организациите од вишото и високото образование, организациите кои вршат дејност заштита на културните блага и од областа на сценско музичките дејности по стапка од 3,15%;

3. придонес од земјоделска дејност, по стапка од 1,51%;

4. придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност, по стапка од 5,5%;

5. придонес од личен доход од самостојно вршење на нестопански дејности, по стапка од 5,5%.

Член 3

Даночните ослободувања и олеснувања што ги пропишува Општината за придонесот од земјоделска дејност ќе се однесува и на придонесот за СИЗ за образование и наука — Битола.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1986 година.

Бр. 08-392/12
27 декември 1985 година
Битола

Претседател,
**Воскра Ставревска,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — БИТОЛА

**52.**

Врз основа на член 55 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ" бр. 6/81) и член 13 од Статутот на ОСИЗ за општествена заштита на децата — Битола, Собранието на ОСИЗ за општествена заштита на децата — Битола, на седницата одржана на 27 декември 1985 година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ ВАЖНОСТА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ОСИЗ ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — БИТОЛА ВО 1986 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се продолжува важноста на Одлуката за утврдување на стапките на придонесите за ОСИЗ за општествена заштита на децата — Битола и во 1986 година.

Член 2

Стапките на придонесите од претходниот член изнесуваат:

1. придонес од личен доход од работен однос од стопанството, по стапка од 1,45%;

2. придонес од личен доход од работен однос од нестопанството, по стапка од 1,45%, освен:

— придонесот од личен доход од работен однос во организациите на здружен труд од општествената заштита на децата, основното и насоченото средно образование и социјалната заштита, се утврдува стапка на придонес од 0,72%;

— придонес од личен доход од работен однос за организациите на здружен труд кои вршат дејност на заштита на културни блага, организации од вишото и високото образование и од областа на сценско-музичката дејност, се утврдува стапка на придонес од 1,00%.

3. придонес од личен доход од земјоделска дејност, по стапка од 0,09%;

4. придонес од самостојно вршење на стопанска дејност, по стапка од 0,6% и

5. придонес од личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност, по стапка од 0,6%.

Член 3

Даночните ослободувања и олеснувања што ги пропишува Општината за придонесот од земјоделска дејност ќе се однесува и на придонесот за ОСИЗ за општествена заштита на децата Битола.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1986 година.

Бр. 08-146/8
27 декември 1985 година
Битола

Претседател,
**Никола Ширковски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ — ДЕМИР ХИСАР

**53.**

Врз основа на член 58 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на СРМ" бр. 13/78) и член 13 став 1 точка 4 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за вработување — Демир Хисар, Собранието на Заедницата на седницата од 27 декември 1985 година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 1986 ГОДИНА

Член 1

Придонесот за вработување се пресметува и се плаќа од личниот доход на вработените во кои се содржани и придонесите што се плаќаат од личниот доход (бруто личен доход), по стапка од 0,85%.

Член 2

По исклучок од член 1 на оваа одлука, работните организации од основното, средното и предучилишното образование и воспитание придонесот од личен доход од работен однос ќе го плаќаат по стапка од 0,40%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1986 година.

Бр. 02-148/7
27 декември 1985 година
Демир Хисар

Претседател,
**Јонче Ѓуркоски,** с. р.

# КОНКУРСИ

Согласно член 28 од Статутот на Работната заедница Заеднички служби, со Одлуката на Работничкиот совет донесена на 6. II. 1986 година, ИРО „Култура" — Скопје

р а с п и ш у в а
**К О Н К У Р С**

за именување на раководител на стопанско-сметководен сектор во Работната заедница Заеднички служби

Покрај со Законот пропишаните услови, согласно член 27 од Статутот на РЗЗС, кандидатите треба да ги исполнуваат и следните посебни услови:

— висока или виша стручна подготовка — економска насока;

— најмалку пет години практика во струката.

Заинтересираните кандидати своите пријави да ги доставуваат до Конкурсната комисија на ИРО „Култура" — Скопје, булевар ЈНА — бр. 68а.

Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето. (54)

---

Врз основа на член 65 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за образование и научни дејности — Крива Паланка, Собранието на ОСИЗ за образование и научни дејности — Крива Паланка, на седницата одржана на 16. XII. 1985 година

р а с п и ш у в а
**К О Н К У Р С**

за именување секретар на ОСИЗ за образование и научни дејности, култура, физичка култура и општествена заштита на децата и раководител на Работната заедница

Покрај општите услови пропишани со закон, кандидатите треба да ги исполнуваат и следните посебни услови:

— да имаат висока или виша стручна подготовка;

— да имаат 4 години работно искуство;

— да се истакнуваат со организаторски способности;

— да имаат морално-политички квалитети;

— да не се под истрага и со закон да не им е забрането вршењето на таква функција.

Кандидатите кон молбата — пријавата треба да ги приложат и следните документи:

1. диплома за завршено образование,
2. потврда за работно искуство,
3. куса биографија со образложение за досегашната работа и
4. уверение дека не е под истрага, односно дека со закон не им е забрането вршењето на должноста инокосен работоводен орган.

Конкурсот е отворен 30 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Пријавите со комплетната документација за исполнување на конкурсот се доставуваат до ОСИЗ за образование и научни дејности — Крива Паланка, со назнака „До конкурсната комисија".

Некомплетните и подоцна пристигнатите документи нема да бидат земени предвид при разгледувањето. (55)

---

Врз основа на член 29, став 1 од Законот за изградба на инвестициони објекти („Службен весник на СРМ", бр. 15/83) и член 23 и 24 од Правилникот за начинот и постапката за отстапување на изградба на инвестициони објекти („Службен весник на СРМ", бр. 22/84), РО РЕК „Битола" Суводол — Битола

распишува

**КОНКУРС**

за подобност и отстапување на изработка на дел и комплетна монтажа на систем за внатрешно отпепелување на ТЕ „Битола" III

I. Општи карактеристики:

Понудите треба да опфатат:

1. Изработка на дел од опремата (49.670 кг.)
2. Монтажа на опремата од Т-1 (49.670 кг.)
3. Монтажа на увозен дел од опремата 47.000 кг.)
4. Монтажа на електроопрема и кабли (испорака на кабли од инвеститорот)
5. Испитување, функционални проби и пуштање во погон.

II. Услови:

— изработката и монтажата ќе биде отстапена на подобен и поволен понудувач,

— под монтажа се подразбира со припаден монтажен материјал, средства за монтажа, антикорозивна заштита,

— под изработка се подразбира подготовка на потребната документација, изработка, антикорозивна заштита, испорачана во ТЕ „Битола".

— испитување (околу 250 часа) опфаќа и дежурство за отклонување дефекти при пуштање во погон.

III. Место:

— место на монтажа е градилиште на ТЕ „Битола" III.

IV. Рокови:

— рок на изработка на опрема 8—10 месеци,

— рок на комплетна монтажа 2,5 месеци.

Пријавата за подобност да содржи:

— назив и точна адреса,

— доказ за регистрација,

— референтна листа за слични постројки,

— извод за завршна сметка 1985 година,

— расположливи капацитети и работна сила,

— начин за пресметување на предвидените работи,

— гарантни рокови за испорака и монтажа.

Пријавите за подобност и понудите да се достават до инвеститорот во одвоени обвивки со назнака „пријава за подобност" и „понуда", во рок од 15 дена од денот на објавувањето на конкурсот во „Службен весник на СРМ".

Комисијата за избор пријавите ќе ги отвори петтиот ден по завршувањето на конкурсот.

За сите подетални технички и други информации понудувачите можат да се запознаат во ТЕ „Битола" на веќе изградени слични постројки и во капитална градба.

Одлуката за подобност Комисијата за избор на најповолен понудувач ќе ја донесе во рок од 10 дена по завршувањето на конкурсот, а избор за најповолен понудувач во рок од 30 дена. (50)

---

## СОДРЖИНА


| | | Страна |
|---|---|---|
| 27. | Амандмани X до XXIII на Уставот на Социјалистичка Република Македонија — — | 49 |
| 28. | Уставен закон за спроведување на Амандманите X до XXII на Уставот на Социјалистичка Република Македонија — — | 51 |
| 29. | Закон за изменување и дополнување на Законот за избор на членови на делегациите и на делегатите во собранијата на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересни заедници — — | 51 |
| 30. | Закон за определување бројот на делегатите што се делегираат од одделните области на здружениот труд и делегатските единици за избор на делегати во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ | 54 |
| | **Општи акти на самоуправните интересни заедници** | |
| | КРИВА ПАЛАНКА | |
| 48. | Одлука за утврдување на стапките на придонесите на Општинската самоуправна интересна заедница на културата — Крива Паланка за 1986 година — — — — — | 61 |
| 49. | Одлука за утврдување на стапките на придонесите за финансирање на основното образование за 1986 година — — — — | 62 |
| | ШТИП | |
| 50. | Одлука за утврдување на стапката на придонес од бруто личен доход на граѓаните на Општинската самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата — Штип за 1986 година — — | 62 |
| | БИТОЛА | |
| 51. | Одлука за продолжување важноста на Одлуката за утврдување на стапките на придонесите на Самоуправната интересна заедница за образование и наука — Битола во 1986 година — — — — — — — | 62 |
| 52. | Одлука за продолжување важноста на Одлуката за утврдување на стапките на придонесите за ОСИЗ за општествена заштита на децата — Битола во 1986 година — | 63 |
| | ДЕМИР ХИСАР | |
| 53. | Одлука за утврдување стапката на придонесот за вработување за 1986 година — | 63 |


**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах. 51. Телефон 228-204. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје.**